Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
Гоце Делчев
бр. 01-453/1
13. 10. 20 25 год.
Демир Хисар

Архивски знак: 0102
Рок на чување: 1 год.
13.10. 20 25 г. Потпис

# ООУ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ДЕМИР ХИСАР

На основа Годишната програма за работа на училиштето, а во согласност со Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии од основните училишта бр. 12-10853/1 од 04.08.2025 г., Стручниот тим за подготовка на програма за екскурзии формиран од Училишниот одбор со Одлука бр. 02-338/5 - 14.08.2025 г. ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЛЕТЕН ИЗЛЕТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I - III ОДДЕЛЕНИЕ

### 1. Воспитно образовни цели

Целта на изведувањето на пролетниот излет е на организиран начин да се прошират сознанијата на учениците за одредени подрачја од животот и работата на луѓето, да се запознаат со природните убавини и културно историските знаменитости, традицијата и обичаите, да овозможи одмор, рекреација, правилен развиток на ученикот, другарство, колективност, поврзување на наставата со животната реалност на конкретен и непосреден начин. Учениците ќе ги совладаат и прошират стекнатите знаења преку примена на вештини и ставови, преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина. Ќе се овозможи обработка на нови настави содржини по пооддели предмети поврзани со објектите за посета. Улогата и педагошката функција на ученичките екскурзии е незаменлива во остварувањето на одделни цели и задачи на училиштето како воспитно-рекреативна и образовна цел, развивање позитивен однос кон верските и културните вредности, развивање интерес за природата, градење еколошки навики, поттикнување и развивање позитивни емоции, развивање другарство, меѓусебното почитување, развивање позитивен однос кон мултикултурализмот и знаења за својата татковина.

### 2. Содржина и опис на активности

За време на посетата на наведените локалитети ќе се реализираат следните содржини и активности:

За време на посетата на наведените локалитети ќе се реализираат следните содржини и активности:

- Запознавање со градот Крушево, неговите културно историски знаменитости
- Посета на локалитети и објекти од културно и историско значење, осознавање на историското минато, со цел да ја разберат сегашноста и да ја креираат иднината
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- Запознавање со богатата историја, култура и природната убавина на градот Крушево – цртање како и изразно опишување .
- Запознавање со културата на различните етнички заедници кои живеат во нашата татковина за примена на меѓуетничка интеграција во образованието,

- Дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

## 3. Одговорен наставник, други вклучени наставници и ученици

а) Раководители на пролетниот излет

- Аце Јанкуловски – наставник во одделенска настава

б) Одговорни наставници

- Никола Костовски - наставник во одделенска настава прво одд
- Билјана Јошевска – наставник во одделенска настава второ одд
- Весна Здравеска – одд. раководител во трето одделение

в) Ученици

На планираната екскурзија ќе учествуваат учениците од I до III одделение од ООУ ,,Гоце Делчев" – Д.Хисар.

## 4. Времетраење

- Пролетниот излет ќе биде изведен во времетраење од 1 ден
- Време на реализација – Март/Април/Мај 2026 година

## 5. Локации за посета и правци на патување

**Локации за посета**:

- Градот Крушево - Спомен – куќата на Тодор Проески, гробот на Тоше Проески, Крушевското езеро, споменикот „Македониум", Леарницата, Влашката црква св. Јован, Уметничката галерија на сликарот Никола Мартиноски, црква „Св. Никола", споменикот „Мечкин камен".

**Правци на патување**:

- Демир Хисар – Крушево
- Крушево – Демир Хисар

## 6. Техничка организација

Техничката организација ќе биде спроведена според ПРАВИЛНИКОТ за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр. 12-10853/1 од 04.08.2025 година.

## 7. Начин на финансирање

Начинот на финансирање на пролетниот излет е со самофинансирање од страна на родителите/старателите на учениците кои ќе учествуваат во истата. Плаќањето ќе биде со посебен договор помеѓу Туристичката агенција и родителите. Вклученост на социјално-загрозени ученици на пролетниот излет ќе биде со поволности кои ги нуди туристичката агенција.

## 8. Извештај за реализацијата на пролетниот излет

Стручниот тим по реализација на екскурзијата, согласно со член 31 од Правилникот, ќе поднесе извештај за реализираниот пролетен излет.

Претседадел на стручниот тим
за подготовка на програмата,
ДИРЕКТОР

/Валентина Димоска/